**МЕРМЕРЕН КОМБИНАТ АД ПРИЛЕП**
**Прилеп, 11.11.2014**

Врз основа на член 489 од Законот за трговски друштва и член 18а од Статутот на МЕРМЕРЕН КОМБИНАТ АД Прилеп ("Друштвото"), Одборот на Директори на Друштвото на седницата одржана на 11.11.2014 година, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

За исплата на аванс на дивиденда за 2014 година

**Член 1**

Врз основа на периодичните финансиски извештаи за период од 01 Јануари 2014 година до 30 Јуни 2014 година ревидирани од овластен ревизор, од добивката на Друштвото за 2014 година остварена до 30 Јуни 2014 година, да се исплати:

- Аванс на дивиденда на акционерите во износ од 43.236.265,00 денари и
- Данок на исплатен аванс на дивиденда согласно закон

Износ на бруто аванс на дивиденда за 1 (една) обична акција изнесува 0,15 EUR (1 EUR = 61,50 Денари).

**Член 2**

Средствата за аванс на дивиденда за обични акции да се распределат во пари.

**Член 3**

Последен ден на тргување со право на аванс на дивиденда е 02.12.2014 година.

Прв ден на тргување без право на аванс на дивиденда е 03.12.2014 година.

Датумот на евиденција според кој се определува листата на акционери кои имаат право на аванс на дивиденда е 05.12.2014 година.

Исплатата на аванс на дивиденда ќе започне на 09.12.2014 година и ќе се изврши најдоцна до 31.12.2014 година.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува со сила со денот на донесувањето.

**ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ**

**Претседател**
**Теодорос Малфас**

**Извршен член**
**Јасна Ажневска Петрушева**

**Главен Извршен Директор**
**Илиас Ригопулос**

**Неизвршен и Независен член**
**Марк Ричард Џејкобсон**

**Неизвршен член**
**Венцислав Петров Аврамов**